ОПШТИНА ШТИП

МQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18-5171/7*
*21.11.2023*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20и 111/23),член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02),и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Штип за 2023 година со Одлука бр. 08-1080/1 од 08.02.2023 година, од Советот на Општина Штип Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**За организирање на јавна презентација и јавна анкета**
**по изготвен**
**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО СО НАМЕНА ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА И ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ ВО КО КАРАОРМАН, КО КАРАОРМАН ВОН ГРАД - ОПШТИНА ШТИП**
**– ПРЕДЛОГ ПЛАН –**
**ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2022-2032**

Согласно член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20) се организира **ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА** по изготвен Урбанистички план вон населено место со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и површински соларни и фотоволтаични електраниво КО Караорман, КО Караорман вон град – Општина Штип– Предлог план – Плански Период 2022-2032

Просторот дефиниран за изработка на Урбанистички план вон населено место со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и површински соларни и фотоволтаични електрани, се наоѓа во територијата на Општина Штип ,односно во КО Караорман и КО Караорман вон град. Планскиот опфат за изработка на Урбанистички план вон населено место е дефиниран согласно границите на КП 1127, КП 1655/1, КП 1655/2, КП 1655/3, КП 1656, КП 1618, КП 478/1, КО Караорман, КО Караорман вон град, ОпштинаШтип.

Опфатот е дефиниран со следните граници:

- од север граничи со дел од КП 1618 и делод КП 478/1
- од југ граничи со дел од КП 1658, КП 1659/1, КП 1659/2, КП 1659/4, КП 1629, КП513,КП 512, КП 511 и КП 510;
- од исток граничи со дел од КП 478/1;
- од запад граничи со дел од КП 1127, дел од КП 1648 и дел од КП 1628

Површината која ја опфаќа опишаната граница изнесува 41773,61м2 односно 4,1ха.



CS CamScanner

Документацијата ќе биде изработена во согласност со новите и тековни законски прописи, правилници и регулативи т.е Законот за урбанистичко планирање (Сл.весникна РМ. бр. 32/20, 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ. бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Сите поединечни елементи ќе содржат текстуален дел со билансни показател и за постојната и планираната состојба како и потребен број на графички прилози.

Јавната анкета и јавната презентација по Урбанистички план вон населено место со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и површински соларни и фотоволтаични електраниво КО Караорман, КО Караорман вон град – Општина Штип– Предло гплан – плански период 2022-2032 ќе се спроведе со излагање на Урбанистички план вон населено место во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

**ЈАВНАТА АНКЕТА ќе трае 30 дена и тоа од 7 Декември 2023 год (Четврток) и истиот ќе трае до 5 Јануари 2024 год (Петок), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 20 Декември 2023 (Среда) во 10:00 часот во просториите на Сала 2 на Општина Штип.**

Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма преку информатички систем на е урбанизам.

Изработил:
Драгана Штерјова, диа

Контролирал:
Лазар Хаџи Николов

Секретар на Општина Штип
Вишна Шорова-Ангелова

**ОПШТИНА ШТИП**
Градоначалник
Иван Јорданов

CamScanner